**20180110124**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година.

Бр. 08-369/1
15 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Член 1

Во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), во членот 144-а став (4) во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка, по зборовите: „60 бода“, сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“ и се додаваат зборовите: „- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Одредбите од членот 144-а став (4) алинеја 5 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), и одредбите од членот 1 од овој закон со кои во членот 144-а став (4) во алинејата 5 се додаваат зборовите: „- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.